**СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

- Здружение на трговијата -
Бр.35-327/3
2.03.2018 год.
Скопје

**МИСЛЕЊЕ**
**по Нацрт на законот за изменување и дополнување на Законот за трговија**

Членките на Здружението на трговијатата во рамки на Стопанската комора на Македонија, го разгледаа текстот на Нацрт-законот за изменување и дополнување на Законот за трговија објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) на 13.02.2018 година и при тоа ги поддржаа предложените измени на Законот за трговија кои се однесуваат на укинувањето на ограничувањето на работното време во кое може да се врши продажба на алкохолни пијалоци во продажните објекти во кои се врши трговија на мало и соодветно на тоа и укинувањето на обврската за исполнување на минимално-техничките услови за продажба на алкохолните пијалоци, како и предложената измена со која се овозможува продажба на алкохолни пијалоци и во киосците, кои што беа и` едни од барањата на компаниите од овие сектори, преточени во Иницијативата за изменување на Законот за трговија, бр. 23-1115/1 и бр. 27-940/3 од 10.07.2017 година, доставена до Министерството за економија.

Меѓутоа, постојниот режим за поседување лиценци за продажба на алкохолни пијалоци има негативно влијание врз работењето на компаниите кои вршат дејност трговија на мало.

Високите трошоци и сложените административни процедури за издавање на лиценците и за продолжување на лиценците за продажба на алкохолни пијалаци, претставуваат големо финансиско оптеретување за деловните субјекти, што создава проблеми, како што се прекини и застои во продажбата на алкохолни пијалоци. Податоците говорат дека со воведувањето на лиценците за продажба на алкохол од 2008-та година, над 5.500 помали трговски објекти во земјата, од вкупно околу 13.000 трговски објекти кои пред 2008-та година продавале вакви производи, се откажале од продажба на алкохол, со што драстично се намалил вкупниот промет во трговијата на мало. Загуба од прометот кај ваквите мали трговски објекти е голем затоа што дури 60% од прометот во овие објекти се остварувал токму со продажба на алкохолни пијалаци, со што дополнително загубила и државата поради намалениот прилив на ДДВ што се остварува при продажба на алкохолни пијалаци.

Административните процедури за издавање на лиценците создаваат проблеми за деловните субјекти од причина што не секогаш се почитуваат роковите за издавање на истите од страна на надлежните органи, поради зголемен обем на активности или други објективни причини, поради што барателите на лиценци често пати, и покрај поднесувањето на барањата во законскиот рок и почитување на и така обемните процедури, сепак се соочуваат со проблемот на ненавремено издавање на лиценците, а со тоа и прекини и застои во продажбата на алкохолни пијалаци за одреден период до издавањето на лиценцата.

Согласно член 23-а, став 3 од Законот за трговија е предвидено дека за добивање на лиценца за продажба на алкохол (која е со важност од 2 години), трговецот е должен да плати надоместок во износ од 20.000,00 денари на сметка на Републички буџет. За продолжување на лиценцата согласно ставот 8 од овој член, трговецот е должен да плати надоместок во износ од 5.000 денари за секој продажен објект ако има до три продажни објекти и 15.000 денари за секој продажен објект, ако има над три продажни објекти, како и **0,05% од вкупниот промет** остварен во претходната година. Износот од 0,05% од

вкупниот промет остварен во претходната година се однесува на вкупниот остварен промет што се утврдува со скратен исказ од годишна сметка издаден од Централниот регистар на Република Македонија. Ова значи дека за да може да се добие продолжување на лиценцата за продажба на алкохолни пијалоци потребно е да се плати 0,05% од вкупниот промет кој се остварува на ниво на деловниот субјект, а јасно е дека од продажбата на алкохолни пијалоци се остварува само дел од вкупниот промет, кој во најголем дел се остварува од продажбата на останатиот широк асортиман на производи на деловниот субјект.

Многу од европските држави воопшто не предвидуваат обврска за поседување на посебни лиценци за продажба на алкохолни пијалаци (на пример, во Австрија, Германија, Хрватска, Словенија, Чешка, Данска, Грција, Унгарија и Шведска). Напротив, ваквите мерки се карактеристични за земји со голема потрошувачка на алкохол по глава на жител (како што се на пример Финска, Обединетото кралство, Шведска - согласно податоците на Светската здравствена организација, во 2015 година потрошувачката на алкохол по глава на жител изнесувала 11,9 литри во Финска; 12 литри во Обединетото Кралство; 8,7 литри во Шведска, при што проекциите за 2020 година за овие земји се дека стапката на потрошувачка на алкохол по глава на жител ќе порасне за околу 0.2-0.4 литри). Просечната потрошувачка на алкохол по глава на жител во 2015 година во Република Македонија изнесувала 5,7 литри, што е значително помалку од европскиот просек од околу 10 литри по глава на жител. Во изминатите години откако се применува оваа рестриктивна законска регулатива, не се понудени никакви емпириски докази дека таа остварила какво било влијание врз евентуално намалување на алкохолизмот во Република Македонија. Затоа останува фактот дека и без овие мерки на ограничување на продажба на алкохол во трговијата, Македонија има далеку најниска стапка на консумација на алкохол по глава жител во овој дел од светот.

**Поради наведеното, предлагаме да биде изменет режимот на продажба на алкохолни пијалаци на начин што ќе биде укината обврската за поседување на лиценца за продажба на алкохолни пијалаци. Поради тоа предлагаме членовите 23-а, 23-б, 23-в и 23-г од Законот за трговија (Службен весник на Република Македонија, бр.16/2004, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008, 20/2009, 99/2009, 105/2009, 115/2010, 158/2010, 36/2011, 53/2011, 148/2013, 164/2013, 97/2015, 129/2015; 53/2016) да бидат избришани, а соодветно да бидат изменети и одредбите за надзорот и прекршочните санкции во овој закон.**

**Соодветно на овој предлог, предлагаме да се интервенира во Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за трговија.**

Очекуваме дека ќе излезете во пресрет на нашето барање и дека ќе биде укината обврската за поседување на лиценца за продажбата на алкохолни пијалаци, со што ќе се создадат услови за поуспешно работење на компаниите кои вршат трговија на мало.

Здружение на трговијата

Претседател,
Соња Тасевска